**3 СТ-124/18**
**ДО**
**ОСНОВЕН СУД**
**СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ**

**Стечаен должник:** Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје

# ПОДНЕСОК

На рочиштето одржано на ден 05.06.2018 година, стечајниот судија по презентирањето на забелешките на планот за реорганизација од страна на доверителите, по презентираниот Извештај од страна на стечајниот управник и дадените одговори на забелешките на планот за реорганизација од страна на полномошникот на стечајниот должник, стечајниот судија констатира дека „Со оглед дека судот согласно разгледаните забелешки и одговор на приговорите и забелешките изложени на денешното рочиште, од страна на претставниците на доверителите и на должникот, судот констатира дека дел од забелешките се од суштински карактер, во смисла дека планот треба да трпи промена во групирањето на класите на доверители и начинот на нивно намирување по однос на доверителите, судот констатира дека нема услови да се пристапи кон гласање на предложениот план за реорганизација и поради наведената причина судот донесе решение со кое се задолжува должникот во рок од 3 дена од денот на одржување на рочиштето да достави корегиран, односно пречистен текст на планот за реорганизација и истиот да им биде доставен на доверителите."

Согласно задолженијата на стечајниот судија, стечајниот должник на ден 07.06.2018 година до судот и до доверителите доставил пречистен текст на планот за реорганизација.

Пред произнесувањето по однос на таканаречениот пречистен текст на планот за реорганизација, Топлификација АД Скопје, како доверител во оваа прилика ќе се произнесе по останатите незаконитости кои се констатирани од почетокот на иницирањето на оваа постапка, па се до фазата на прифаќање на забелешките на планот за реорганизација поднесен од страна на стечајниот должник.

Имено, стечајниот судија со задолжение 3Ст.бр.СТ-124/18 од 30.04.2018 година, упатено до полномошникот на предлагачот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, барал истиот да го уреди предлогот за отварање на стечајна постапка и тоа во смисла на чл.215-а од Законот за стечај.
Видно од задолжениeто доставено од судот, голем дел од задолженијата кои се однесуваат на предлогот за отварање на стечајна постапка се од суштински карактер што таквиот предлог го прават неподобен за одлучување во смисла на одредбите од Законот за стечај. Ова особено што предлогот за отварање на стечајна постапка е поднесен од неовластено лице, а причината за предлагање за отварање на стечајна постапка е т.н. *идна инсолвентност* што како термин Законот за стечај не го познава, па оттаму истата не може да се земе како причина за поведување ниту на стечајна ниту на претходна постапка.
Видно од извршениот увид во списите на предметот од страна на претставниците на Топлификација АД Скопје, во онаа мерка во која им е дозволено да извршат увид во целокупната документација, несомнено е дека стечајниот должник, односно предлагачот не постапил во целост по задолженијата на стечајниот судија.

Од тие причини несомнено се поставува прашањето дали предложениот план за реорганизација кој е резултат на неуреден предлог за поведување на стечајна, односно претходна постапка кој се темели на институти кои Законот за стечај не ги познава, и предлог кој не е во согласност со одредбите од чл.215 од Законот за стечај, може да биде предмет на разгледување и одлучување, па оттаму согласно чл.7 а в.в. со чл. 101 ст.1 од Законот за парнична постапка, поточно поднесокот кој е поднесен од полномошник кој не ги содржи податоците определени со закон, судот ќе го отфрли. Во конкретниот случај, стечајниот судија по приемот на неуредниот поднесок бил должен да постапи согласно цитираната законска одредба. Ова дотолку повеќе што Законот за стечај по поднесениот план за реорганизација не предвидува постапка за негово уредување или доуредување.

Во таа смисла, доколку стечајниот судија констатирал дека забелешките на планот за реорганизација се од суштински карактер и дека истите треба да се достават на запознавање до доверителите, тоа значи дека се доставува нов план за реорганизација кој на поинаков начин е уреден во содржинскиот дел, па оттаму стечајниот судија бил должен да ги примени одредбите од чл.228 ст.2 од Законот за стечај согласно кој Собранието за расправа и за глаасање по планот за реорганизација ќе се одржи во рок кој не е пократок од 21 ден, но не подолг од 30 дена од денот на свикувањето на Собранието на доверители. Ова дотолку повеќе што илузорно е да се очекува дека текст со прилози на повеќе од 300 страници може да се анализира во рок пократок од 8 дена, со што се ускратува правото на доверителите да се произнесат по планот за реорганизација што е спротивно со чл.225 од Законот за стечај.
Од друга страна, забелешките изнесени од страна на сите доверители кои своите забелешки ги изнесоа усно и на рочиштето одржано на ден 05.06.2018 година, судот бил должен да утврди дали во конкретниот случај

постојат повредите регулирани во чл.236 од Законот за стечај, па оттаму да го отфрли планот за реорганизација како недозволен.

На ден 07ми Јуни 2018 година ТЕ-ТО АД го достави до Топлификација АД Пречистениот текст на планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД согласно задолжението од судот дадено на рочиштето одржано на ден 5ти Јуни 2018 година во постапката 3 СТ 124/18.
Како прилог на Пречистениот текст на планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД, ТЕ-ТО АД го достави и извештајот на независниот ревизор за посебните финансиски извештаи за 2017 година. Напомнуваме дека ТЕ-ТО АД овој ревизорски финансиски извештај за 2017 година не го достави со планот за реорганизација примен во судот на 24ти Април 2018 година иако согласно член 215-б од Законот за Стечај, ТЕ-ТО АД требал истиот да го поднесе. Овој извештај е со датум 04ти Јуни 2018 година.

Извештајот на независниот ревизор за посебните финансиски извештаи за годината која завршува на 31ви Декември 2017 година е изработен од страна на ревизорската куќа КПМГ Македонија ДОО. Ревизорската куќа КПМГ Македонија ДОО е ревизор на друштвото ТЕ-ТО АД од 2013 година па до денес.
Согласно извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи за 2017 година, ревизорот НЕ ИЗРАЗИЛ МИСЛЕЊЕ за финансиските извештаи на ТЕ-ТО АД за 2017 година односно СЕ ВОЗДРЖАЛ ОД МИСЛЕЊЕ по однос на финансиските извештаи на ТЕ-ТО АД за 2017 година.

Не изразувањето на мислење односно воздржување од мислење за финансиски извештаи од страна на ревизорот е НАЈЛОШАТА КВАЛИФИКАЦИЈА ШТО МОЖЕ ЕДЕН РЕВИЗОР ДА ЈА ИСТАКНЕ ЗА СВОЈ КЛИЕНТ КАЈ КОЈ ШТО ПРАВИ РЕВИЗИЈА НА НЕГОВИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ.
Во својот извештај ревизорот истакнува дека не бил во можност да прибави достатни соодветни ревизорски докази за да обезбеди основа за да даде ревизорско мислење.
Согласно тоа ревизорот не може да потврди ниту еден податок за побарувањата и обврските што се наведени во финансиските извештаи на ТЕ-ТО АД со крај на 2017 година.

Бидејќи планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД се темели на финансиски податоци со крај на 2017 година и состојба на 01.03.2018 година (три месеци после крајот на 2017 година) а за истите ревизорот се воздржал од мислење, истиот тој план за реорганизација се темели на непотврдени финансиски податоци и како таков треба веднаш да се отфрли од страна на Судот.

Вонредниот ревизорски извештај од АУДИТ МАКЕДОНИЈА направен врз основа на ангажман за договорени постапки има за цел да ја утврди финансиската состојба на ТЕ-ТО АД од финансиските извештаи за 2017 година и состојбата на побарувањата и обврските на 01.03.2018 година. Истиот е направен врз основа на не ревидираните финансиски извештаи на ТЕ-ТО АД, како што е и наведено во самиот извештај.
Бидејќи ревидираниот финансиски извештај за 2017 година на ТЕ-ТО АД од ревизорската куќа КПМГ МАКЕДОНИЈА е веќе изработен и во него истиот се

воздржува од мислење за финансиските извештаи на ТЕ-ТО АД, потребно е веднаш да не се зема во предвид и Вонредниот ревизорски извештај од АУДИТ МАКЕДОНИЈА бидејќи истиот базира на податоци за 2017 година за кои независниот ревизор се воздржал од давање мислење.
Доколку се прочита извештајот од независниот ревизор за финансиските извештаи на ТЕ-ТО АД за 2017 година во точка 5 и точка 2, од делот во кој ревизорот искажува која е основата да не издаде мислење, јасно е напишано дека една од поврзаните страни во ТЕ-ТО АД, а тоа се однесува на Битар Холдинг Лимитед, по пресудата на Врховниот суд на РМ во корист на Топлификација АД, побарала плаќање на заемите кои претходно биле класифицирани како долгорочни заеми/кредити. Односно дека ТЕ-ТО АД има од страна на Битар Холдинг Лимитед добиено барање за предвремена отплата на кредитите кои претходно се класифицирани како долгорочни кредити со датуми на доспевање од 2022-2032 година.

Со самото барање за предвремена отплата на кредитите од Битар Холдинг Лимитед кон ТЕ-ТО АД веднаш по пресудата од Врховен суд на РМ во корист на Топлификација АД, јасна е намерата на ТЕ-ТО АД и на БИТАР Холдинг Лимитед да создадат слика на вештачка идна неликвидност и со тоа да го осуетат побарувањето на Топлификација АД Скопје.
За оваа намера на Битар Холдинг Лимитед и на ТЕ-ТО АД, Топлификација АД до сега многу пати го извести судот со докази.
Со овој ревизорски извештај за 2017 година од КПМГ МАКЕДОНИЈА, уште еднаш се потврдува намерата на ТЕ-ТО АД и Битар Холдинг Лимитед дека постапката за стечај нема цел да ги намири доверителите, туку служи како средство да се осуетат побарувањата на одредени доверители.

На оваа околност укажуваат повеќе факти и докази кои се случиле непосредно пред поведувањето на претходната постапка за утврдување на услови за стечај, а така и по неговото поведување.

Апсурдноста на предлогот оди до таму што мнозинскиот сопственик на стечајниот должник предвремено доспева свои побарувања кои по редовниот тек на нештата би требале да доспеат 2028, 2030, и 2032 година со цел истите да бидат отпишани во висина од 90% од вредноста на побарувањата, а останатите 10% да бидат исплатени во 2018 година. Кога се има во предвид дека стечајниот должник во годината која претходи на поведувањето на стечајната постапка работел со добивка, сосема е јасно дека во конкретниот случај станува збор за осуетување на утврдено побарување на друг доверител со единствена цел истиот да не може да го наплати своето побарување.Во тој контекст сосема основано се доведуваат под сомневање сите претходни дејствија кои ги превземале стечајниот должник и најголемиот стечаен доверител. Повеќе од очигледно е дека станува збор за фингирани правни дејствија со цел стечајниот доверител БИТАР ХОЛДИНГ ЛИМИТЕД се стекне со повластена позиција во оваа постапка. Самиот факт што правните дејствија кои се превземени од страна на стечајниот должник и стечајниот доверител БИТАР ХОЛДИНГ ЛИМИТЕД, врз основа на кои предвремено се доспеани побарувањата на стечајниот доверител БИТАР ХОЛДИНГ ЛИМИТЕД се оспорени и за истите се во тек судски постапки,

а по однос на дејствијата превземени од страна на одговорни лица поведена е кривична постапка, бил доволен сигнал стечајниот судија предлогот поднесен од страна на доверителот БИТАР ХОЛДИНГ ЛИМИТЕД за отварање на стечајна постапка со спроведување на план за реорганизација да го разгледува со особено внимание и предлогот да го отфрли како неуреден, во спротивно инсистирањето на спроведувањето на оваа постапка на начин како што е тоа предложено со планот за реорганизација ќе биде обид за легализација на незаконитост со што би се предизвикале ненадоместливи штети како за доверителот Топлификација АД Скопје, така и за сите останати доверители независно од фактот дали истите се опфатени со планот за реорганизација или не.

Скопје, 13.06.2018 година

За Топлификација АД Скопје,
полномошник Панче Нефтенов

АДВОКАТ
НЕФТЕНОВ ПАНЧЕ
ул. Орце Николов бр. 186-2/8
тел. 3124-028 · Скопје
бр.на лиценца 0789